Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.весник на Република Северна Македонија бр.32/20),Градоначалникот на општина Кратово го дава следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**за јавен увид на изработен**

## Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на к.п.2937,КО Кратово

Се известуваат граѓаните на општина Кратово дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на к.п.2937,КО Кратово,со тех.бр.У-07/22 од Јули 2022 година,изработен од Урбан гис д.о.о.Куманово.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на к.п.2937,КО Кратово,е со граници на опфат:

-од север и североисток се граничи со к.п.бр.2918,2922,2923 и 2931.

-од југ со к.п.бр.2932 и 2935.

-од запад со к.п.бр.2938 и 3408/1(пат Пробиштип-Кратово).

Површината на проектниот опфат изнесува 8678,92 м$^2$.

Со овој урбанистички проект се планира изградба на објект со основна намена А4-времено сместување и поединечна намена А4.6-бунгалови и А4.2-мотели.Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструкрура.Во границите на планскиот опфат планирана е една градежна парцела со следната основна намена А4-времено сместување.

Јавниот увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А4-времено сместување на к.п.2937,КО Кратово,со тех.бр. У-07/22 од Јули 2022 година,изработен од Урбан гис д.о.о.Куманово,ќе трае 15(петнаесет) дена во електронска форма,кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на општина Кратово,**www.opstinakratovo.gov.mk**,во период од 17.08.2022 година до 31.08.2022 година,за кое време можат да се достават писмени забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 во просториите на Одделението за урбанизам,комунални работи,заштита на животната средина и лер при општина Кратово.

Бр.12-1092/7

17.08.2022 год.Кратово

Градоначалник

на општина Кратово

**Тодорче Николовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО • КРАТОВО 1213 • 1